МРТ

*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
[www.mrt.com.mk](http://www.mrt.com.mk)

---

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2022 ГОДИНА СО ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА

## ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси како и исполнување на програмските обврски, стандарди и начела предвидени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На територијата на РСМ Македонската радио телевизија обезбедува програма преку еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа, еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и кој од месец април 2020 година започна со емитување на програма на албански јазик со дневно времетраење од 24 часа секој ден во неделата. Во истиот период програмата на ЈРП МРТ беше збогатена и со три нови телевизиски програмски сервиси и тоа: МТВ 3 – ТВ канал кој емитува забавно - музичка, културна, но пред се програма од областа на спортот наменета за гледачите љубители на спортот, преку откуп на ТВ права за емитување на сите позначајни спортски настани во земјата и светот, потоа МТВ 4 – ТВ канал кој емитува документарна програма и програма на етничките заедници во РСМ како и детски ТВ канал – Канал 5 кој акцентот на своето работење го става на најмладата популација и кој произведува, обработува и емитува едукативна, документарна, забавна и програма со содржина од други најразлични области наменета за деца и млади, сите со дневно времетраење на програмата од 24 часа секој ден во неделата.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата, а во тек се активности за започнување со работа и на еден нов радио програмски сервис МРА 4 – на кој ќе се емитува радио програма на етничките заедници во РСМ.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РСМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработи Годишна програма за работа за 2022 година која содржи Програма за работа со планирани активности за исполнување на програмските цели како и Финансиски план кој содржи податоци за планираните приходи и расходи. Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2022 година, како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2022 година, беше изработен врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности како и врз база на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини, но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски. Меѓутоа, следејќи ја реализацијата на тековното работење во 2022 година како и реализирањето на програмските и останатите потреби и активности на Македонската радио телевизија, се јави потреба од измена на Финансискиот план за 2022 година со пренамена на дел од планираните износи кај одредени ставки како во делот на планирани приходи така и во делот на планирани расходи. Имено, согласно Договорот склучен помеѓу ЈРП МРТ и Арена Спорт со кој МРТ и ги продава на Арена Спорт правата за емитување на Светското првенство во фудбал – FIFA 2022 кое се одржа во Катар, се менуваат претходно планираните износи кај одредени ставки во делот на планирани приходи за 2022 година, односно се врши намалување на првично планираниот износ од 75.000.000 денари - приход по основ на продажба на рекламно време/маркетинг за 30.000.000 денари и истиот сега

се планира на износ од 45.000.000 денари. За 2.000.000 денари се намалува и ставката со наслов Приходи по основ на донации и истата сега има планиран износ од 1.000.000 денари. Средствата во вкупен износ од 32.000.000 денари кои се ослободуваат од споменатите основи се планираат во нова ставка со наслов Приходи по основ на продажба на програма и реемитување во земјата и странство.
Во делот на планирани расходи пак, се врши корекција на планираните износи кај дел од ставките, зголемување или намалување, се со цел нивно усогласување со досегашните остварувања.

**А. ПЛАН НА ПРИХОДИ**

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2022 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџетот на Република Северна Македонија**
Средствата наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност се планираат во износ од 670.500.000 денари или 59,3% од вкупните планирани приходи. Овој износ произлегува и е утврден со усвојувањето на Буџетот на РСМ за 2022 година иако истиот не кореспондира со член 105 став 1 од Законот за ААВМУ и членот 45 од Важечките преодни одредби во Законот за ААВМУ (Службен весник на РСМ бр.248/18) каде е наведено дека почнувајќи од 2021 година па натаму за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ треба да се издвојат средства во износ од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која предходи на фискалната година за која се утврдува износот.

**Приход од Буџет на РСМ - средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој**
Како приходи добиени за поддршка на тековното работење и постигнување на повисок степен на програмски и техничко технолошки развој, исто така од Буџетот на РСМ, во

тековната 2022 година за МРТ се планирани финансиски средства во вкупен износ од 354.400.000 денари кои во вкупните планирани приходи имаат учество од 31,4%.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламно време (маркетинг) односно од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорите беа планирани во висина од 75.000.000 денари, меѓутоа, согласно досегашните остварувања по овој основ, оваа ставка се намалува за 30.000.000 денари со што истата изнесува 45.000.000 денари. Остварувањето на овие средства е планирано по основ на продажба на рекламно време во рамки на програмски содржини во делот на копродукции, останати програмски права, филмска, спортска и документарна програма која МРТ ја направи достапна за своите гледачи во 2022 година преку сопствена продукција, копродукција како и преку откуп на правата за емитување на програма од надворешни продуцентски куќи при што особено се става акцент на откуп на правата за емитување на спортските настани кои се одржуваат во 2022 година како Зимските олимписки игри, Европоско првенство во ракомет, Лига шампиони во фудбал и се разбира Светското првенство во фудбал – FIFA 2022 кое се одржа во Катар.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари .

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии за пренос на програма, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата), за 2022 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари или 0,3 % од вкупните планирани приходи.

**Приходи од услуги во странство**

За извршени услуги во странство, технички и останати услуги, планирани се средства во износ од 2.000.000 денари и тие во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,2%.

**Останати деловни приходи**

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2022 година се планираат во износ од 20.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1,8%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои се планираат со Финансискиот план по основ на решавање на настанатите судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.500.000 денари или 0,1% во однос на вкупниот износ на планирани приходи за 2022 година.

**Приходи од донации**

Приходите по основ на донации во 2022 година кои беа планирани во износ од 3.000.000 денари со ова изменување на Финансискиот план на МРТ за 2022 година се намалуваат за 2.000.000 денари и сега се планирани во износ од 1.000.000 денари.

**Приходи од продажба на програма и услуги**

Со намалување од 30.000.000 денари на претходно планираните приходи за продажба на рекламно време и намалување од 2.000.000 денари на планираните приходи по основ на донации во делот на планирани приходи за 2022 година се воведува нова ставка со наслов Приходи по основ на продажба на програма и реемитување во земјата и странство. Оваа ставка има планиран износ од 32.000.000 денари а истиот е добиен согласно договорот склучен помеѓу ЈРП МРТ и Арена за продажба на правата

за емитување на светското првенство во фудбал – FIFA 2022 кое се одржа во Катар како и врз основ на очекувано остварување на приходи по основ на отстапени права за емитување или реемитување на останати видови на програма.

**Вкупните** планирани приходи за 2022 година во износ од 1.129.900.000 денари по сите основи, иако намалени во однос на Законот за ААВМУ и недоволни, треба да ги покријат планираните програмски, инвестициони и други активности во тековната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата но и да се користат за сервисирање на дел од пренесените, неплатени обврски од претходни години.

Планираните активности за 2022 година воглавно се насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.
- Откуп на права за емитување на играна програма и ТВ серии, набавка на домашна и странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови програмски содржини од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски, летни спортови и слично,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радиопрограми наменети за соседните земји и Европа и радиопрограми наменети за информирање на иселениците во странство, како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Инвестиции во нова опрема и основни средства како и тековно одржување на постојната опрема, реконструкција и одржување на РТВ студијата и другите деловни објекти на МРТ.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2022 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2022 ГОДИНА СО ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2021 година | Планирани приходи за 2022 година | Остварени приходи-м.12.2022 година | Планирани приходи за 2022 година со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 | Структура (кол.5) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на радиодифузна дејност | 894,000,000 | 670,500,000 | 670,500,000 | 670,500,000 | 100.0 | 100.0 | 59.3 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на програмски и техничко технолошки развој | 0 | 354,400,000 | 350,000,000 | 354,400,000 | 100.0 | 101.3 | 31.4 |
| Закупнини | 500,000 | 500,000 | 224,996 | 500,000 | 100.0 | 222.2 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 3,000,000 | 3,000,000 | 1,730,611 | 3,000,000 | 100.0 | 173.3 | 0.3 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги и сл.) | 2,000,000 | 2,000,000 | 216,720 | 2,000,000 | 100.0 | 922.8 | 0.2 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања од минати години,отпишани обврски и др.) | 18,500,000 | 20,000,000 | 9,981,599 | 20,000,000 | 100.0 | 200.4 | 1.8 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 1,500,000 | 1,500,000 | 79,513 | 1,500,000 | 100.0 | 1,886.5 | 0.1 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 100,000,000 | 75,000,000 | 11,658,719 | 45,000,000 | 60.0 | 386.0 | 4.0 |
| Приход од продажба на програма (отстапени права) и реемитување во земјата и странство | 0 | 0 | 30,994,879 | 32,000,000 | 0,0 | 103.2 | 2.8 |
| Приход од донации | 3,000,000 | 3,000,000 | 110,943 | 1,000,000 | 33.3 | 901.4 | 0.1 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1,022,500,000** | **1,129,900,000** | **1,075,497,980** | **1,129,900,000** | **100.0** | **105.1** | **100.0** |

## Б. ПЛАН НА РАСХОДИ

Вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2022 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности во врска со создавање и емитување на програмата со оваа пренамена на Финансискиот план се планираат во ист обем како и вкупните приходи, односно 1.129.900.000 денари. Изменувањето на планираните износи кај дел од ставките, зголемување или намалување, се врши со цел нивно усогласување со досегашните остварувања и во овој контекст значајно е да се нагласи дека МРТ континуирано се соочува со недостиг на финансиски средства и потешкотии во тековното работење па со изменувањата на Финансискиот план всушност се овозможува дополнување со финансиски средства кај оние ставки кај кои тоа е реално потребно за сметка на оние кои бележат пониски остварувања на планираните расходи. Секако и изменетите планирани износи низ поединечни ставки ги претставуваат само најнеопходните потреби без можност за поголеми инвестиции од било каков вид а трошењето на финансиските средства се одвива многу рационално, економично и наменски и секако во согласност со Финансискиот план, законите и позитивните законски прописи.

**Планот на расходи за 2022 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

## Трошоци за вработените

Вкупниот износ на трошоци за вработени во 2022 година беше планиран 484.000.000 денари но по извршените намалувања и дополнувања на дел од претходно планираните износи во Финансискиот план оваа група на трошоци во вкупен обем се намалува за 9.840.000 денари и сега изнесува 474.160.000 денари. Намалувањето е највисоко кај Бруто платите на вработените каде се ослободуваат финансиски средства во износ од 10.000.000 денари од причина што постапката за нови вработувања се заврши во почетокот на месец декември 2022 година со што планираните средства за бруто плати за новите вработени ќе бидат потребни само за еден месец од оваа година. Покрај бруто платите на вработените, во оваа група на трошоци се опфатени и надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои

ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, помош при боледување подолго од шест месеци, паричен надомест за последици од елементарни непогоди и други видови парични надоместоци), потоа трошоците за здравствени услуги, пресметан регрес за годишен одмор, јубилејни награди, трошоци за едукација на вработените (обуки, посета на семинари, советувања) и слично. Бруто платата за 2022 година е пресметана согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно последните измени во Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службени патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани во земјата и странство, односно сите поважни културни, музички, спортски и научни случувања и манифестации кои се од јавен карактер. Во однос на предходно планираниот вкупен износ од 6.750.000 денари, оваа група на трошоци се зголемува за 3.440.000 денари и сега изнесува вкупно 10.190.000 денари а зголемувањето се должи на потребата од дополнителни средства во делот на трошоци за дневници и ноќевања за вработените во земјата и странство потребни за снимење на емисии од разни области како и реализација на сите предвидени и непредвидени настани во текот на годината.

## Заеднички трошоци

Со ова изменување на Финансискиот план на МРТ за 2022 година првично планираниот износ на трошоци кај групата Заеднички трошоци се зголемува за 12.650.000 денари и сега изнесува вкупно 229.480.000 денари. Во делот на корекции на планираните износи кои се извршени во оваа група на трошоци значајно е да се напомене дека кај дел од планираните износи има дополнување на средства поради повисока досегашна реализација (трошоци за аудио и видео линии, трошоците за камати од работење, негативни курсни разлики), додека кај дел од нив дополнувањето е поради очекуван повисок износ на реализација до крајот на годината (трошоците за топлотната енергија, трошоците за вода, трошоците за даноци – задржан данок на странски правни лица и слично).

Во оваа група на трошоци се опфатени следните видови на трошоци по групи:

***Трошоци за суровини и материјали***

Во оваа група на трошоци се опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и градежните објекти во МРТ и истата има вкупен планиран износ од 2.270.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Вкупниот планиран износ во оваа група на трошоци е 1.900.000 денари и во неа спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, материјал за возен парк, заштитна облека и обувки и ХТЗ опрема.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и истата беше планирана во вкупен износ од 83.500.000 денари. Меѓутоа, со оваа измена на финансискиот план а поради очекуваниот повисок обем на реализација до крајот на годината, се јави потреба од дополнување од 500.000 денари кај трошоците за топлотна енергија со што групата на трошоци за енергија сега има вкупен планиран износ од 84.000.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци е планирана во износ од 1.500.000 денари. Согласно законските измени, односно според Уредбата за номенклатура на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (сл.весник 277/19), оваа група ги опфаќа набавките на материјални и нематеријални средства со поединечен трошок за набавка до 500 евра во денарска противвредност според кои наместо во основни средства сметководствено треба да се евидентираат во ситен инвентар.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која по зголемување од 5.000.000 денари во делот на трошоци за аудио и видео линии се планира во вкупен износ од 18.800.000 денари. Зголемувањето се должи на потребата од дополнителни средства за аудио и видео линии кои се неопходни за пренос на програмата, особено што оваа ставка е поврзана со емитувањето на актуелните спортски настани па оттука произлегува и остварениот обем на досегашна реализација. Во оваа група спаѓаат и трошоците за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет и поштарина.

***Услуги за одржување и заштита***

Оваа група ги опфаќа трошоците за агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти, одржување на возилата на МРТ со набавка на резервни делови за нив, одржување на ситен инвентар и автогуми, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и други услуги за одржување и заштита. Истата е планирана во износ од 16.700.000 денари.

***Комунални услуги***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила. Поради очекувана повисока реализација во делот на трошоци

за вода планираниот износ се зголемува за 300.000 денари и сега вкупниот планиран износ за целата група изнесува 4.880.000 денари.

***Останати услуги од работењето***

По намалувањето од 100.000 денари, во оваа група на трошоци за 2022 година планирани се средства во вкупен износ од 2.000.000 денари и истата опфаќа услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги, заверка на пасоши и визи за патување надвор од државата и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

За амортизација на опремата која до сега е набавена и ставена во употреба во рамките на редовните инвестициони активности и процесот на дигитализација, како и за инвестиции во нова опрема и основни средства, со оваа измена на финасискиот план оваа група на трошоци е зголемена на 300.000 денари и со тоа се планираат вкупно 58.300.000 денари.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите, ревалоризација на обврските и слично во 2022 година потребно е да се направи дополнување на претходно планираните средства во износ од 1.350.000 денари. Со тоа вкупно планираните средства за оваа група изнесуваат 2.350.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

Планираниот износ кај оваа категорија на трошоци со измената на Финансискиот план за 2022 година се зголемува за 200.000 денари, и сега изнесува вкупно 700.000 денари.

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2022 година изнесуваат вкупно 1.500.000 денари.

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ги извршува во 2022 година заедно со таксата за истакнување на фирма се зголемуваат за 50.000 денари и сега изнесуваат вкупно 560.000 денари.

***Останати трошоци***

За групата на трошоци во која спаѓаат трошоците за користење на услуги за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоци за стручна литература и списанија, со Финансискиот план за 2022 година се планираат средства во вкупен износ од 270.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на огранитe на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2022 година е планирана во вкупен износ од 9.000.000 денари.

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок и сл.) се зголемуваат за 1.800.000 поради зголемениот обем на плаќања кон странски доверители, со што заедно со трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2022 година, вкупниот планиран износ кај оваа ставка е 4.800.000 денари.

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци со Финансискиот план беа предвидени вкупно 400.000 денари. Но, со измената на Финансискиот план, планираниот износ кај оваа ставка е намален за 200.000 денари и сега изнесува 200.000 денари.

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години се однесуваат на трошоци за задоцнето фактурирање по разни основи кои биле планирани во преходните години од работење на МРТ но, во тој период, за истите не се доставени фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и

слично). Со оваа измена на Финансискиот план истите се планираат во вкупен износ од 10.300.000 денари.

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се трошоци кои со сигурност не може да се предвидат во целост па во рамки на тековното работење согласно остварувањето се јави од дополнување и по зголемувањето од 2.500.000 денари оваа ставка е планирана во висина од 6.000.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема за 2022 година, по зголемување од 600.000 денари, се планирани во вкупен износ од 2.600.000 денари.

***Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра***

Оваа група на трошоци ги опфаќа набавките на стоки и услуги надвор од планот за јавни набавки а кои во вкупен износ на месечно ниво не го надминуваат износот од 1.000 евра во денарска противвредност или вкупно 850.000 денари на годишно ниво.

## Програмски права

Оваа категорија ги опфаќа трошоците трошоци за откуп на права за емитување на играна филмска и документарна програма, останати програмски права – откуп на програма од најразлични жанрови и области, надомест за интернационалните фестивали Евросонг и јуниорски Евросонг, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот како Светски куп во фудбал 2022 година - EBU-FIFA, UEFA - Лига на шампиони во фудбал, CEXA лига во ракомет, одбојкарски, кошаркарски натпревари и други спортски настани, потоа трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина како и откуп или продукција и копродукција на емисии и серијали за најмладата популација. Со ова изменување, односно намалување на вкупно планираниот износ за 500.000 денари, сега за реализација на сите програмски содржини се планираат 342.900.000 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци беше планирана во вкупен износ 72.320.000 денари но со изменувањето на Финансискиот план истата се намалува за 5.750.000 денари, и сега е планирана во вкупен износ од 66.570.000 денари а истата ги опфаќа следните видови на трошоци:

***Наемнини***

Планираниот износ на трошоци за наем на опрема и недвижности во текот на работењето на МРТ за 2022 година, по намалување од 200.000 денари, изнесува вкупно 300.000 денари.

***Други трошоци од работење***

Со измената на Финансискиот план оваа група на трошоци во 2022 година се намалува за 4.100.000 денари и сега се планирани вкупно 36.000.000 денари кои се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, трошоци за извршување, услуги за вештачење,
- Технички услуги, интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти, елаборати и сл.)
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на работните задачи,
- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Евросонг (Евровизија 2022 и Јуниорски евросонг 2022) како и
- Трошоци за обезбедување на простор за сателитски сегмент.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Со новиот Финансиски план оваа група на трошоци се намалува за 1.450.000 денари и сега е планирана во вкупен износ од 30.150.000 денари а ги опфаќа годишните членарини кон ЕБУ, ЕРНО, ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП, трошоци кон Агенција за филм согласно Законот за филмска дејност и останати трошоци од работење.

***<u>Материјали и услуги за дигитализација</u>***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2022 година планирани се средства во вкупен износ од 120.000 денари.

## Инвестиции

Средствата планирани за инвестициони набавки изнесуваат 6.600.000 денари во рамки на кои набавена е аудио и видео опрема, патничко возило, клима уреди и уреди за непрекинато напојување.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2022 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА ЈРП МРТ ЗА 2022 ГОДИНА СО ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Финансиски план за 2022г | Остварување 2022г. (м.11.2022) | Финансиски план за 2022г со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати за вработените | 468,000,000 | 468,000,000 | 415,384,242 | 458,000,000 | 98% | 110% |
| Регрес за годишен одмор | 9,400,000 | 10,000,000 | 9,753,484 | 9,760,000 | 98% | 100% |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,900,000 | 3,700,000 | 3,582,766 | 3,850,000 | 104% | 107% |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени,помош на вработени по разни основи и слично) | 950,000 | 750,000 | 813,946 | 850,000 | 113% | 104% |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 750,000 | 650,000 | 0 | 450,000 | 69% | 0% |
| Трошоци за здравствени услуги | 610,000 | 600,000 | 546,400 | 600,000 | 100% | 110% |
| Трошоци за едукација | 300,000 | 300,000 | 292,272 | 650,000 | 217% | 222% |
| **Вкупно 1 - Трошоци за вработените** | **481,910,000** | **484,000,000** | **430,373,110** | **474,160,000** | **98%** | **110%** |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,850,000 | 2,000,000 | 2,248,192 | 2,350,000 | 118% | 105% |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 3,000,000 | 2,200,000 | 2,937,277 | 5,000,000 | 227% | 170% |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во земјата | 100,000 | 100,000 | 3,860 | 50,000 | 50% | 1295% |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во странство | 1,400,000 | 1,000,000 | 1,011,452 | 1,050,000 | 105% | 104% |
| Сопствено возило за службени потреби | 270,000 | 600,000 | 592,165 | 840,000 | 140% | 142% |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 200,000 | 200,000 | 139,984 | 250,000 | 125% | 179% |
| **Вкупно 2** | **6,820,000** | **6,100,000** | **6,932,930** | **9,540,000** | **156%** | **138%** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Авто такси - услуги за такси превоз | 350,000 | 450,000 | 387,271 | 450,000 | 100% | 116% |
| Услуги за организиран превоз на вработени | 250,000 | 200,000 | 0 | 200,000 | 100% | 0% |
| **Вкупно 3** | **600,000** | **650,000** | **387,271** | **650,000** | **100%** | **168%** |
| **Вкупно 2 и 3 патни и транспортни услуги** | **7,420,000** | **6,750,000** | **7,320,201** | **10,190,000** | **151%** | **139%** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 1,200,000 | 700,000 | 372,731 | 700,000 | 100% | 188% |
| Технички материјал | 1,000,000 | 1,370,000 | 762,135 | 1,370,000 | 100% | 180% |
| Материјал за поправка и одржување | 800,000 | 200,000 | 122,188 | 200,000 | 100% | 164% |
| **Вкупно 4** | **3,000,000** | **2,270,000** | **1,257,054** | **2,270,000** | **100%** | **181%** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,450,000 | 1,350,000 | 705,544 | 1,350,000 | 100% | 191% |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 300,000 | 300,000 | 84,559 | 300,000 | 100% | 355% |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 250,000 | 0 | 250,000 | 100% | 0% |
| **Вкупно 5** | **1,750,000** | **1,900,000** | **790,103** | **1,900,000** | **100%** | **240%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Финансиски план за 2022г | Остварување 2022г. (м.11.2022) | Финансиски план за 2022г со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 20,000,000 | 69,000,000 | 21,710,915 | 69,000,000 | 100% | 318% |
| Трошоци за топлотна енергија | 11,500,000 | 11,500,000 | 8,879,227 | 12,000,000 | 104% | 135% |
| Трошоци за гориво и мазиво | 3,000,000 | 3,000,000 | 2,113,319 | 3,000,000 | 100% | 142% |
| **Вкупно 6** | **34,500,000** | **83,500,000** | **32,703,461** | **84,000,000** | **101%** | **257%** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 2,600,000 | 1,500,000 | 967,072 | 1,500,000 | 100% | 155% |
| **Вкупно 7** | **2,600,000** | **1,500,000** | **967,072** | **1,500,000** | **100%** | **155%** |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 600,000 | 600,000 | 269,361 | 600,000 | 100% | 223% |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 2,200,000 | 2,100,000 | 1,650,338 | 2,100,000 | 100% | 127% |
| Трошоци за интернет услуги | 800,000 | 800,000 | 656,287 | 800,000 | 100% | 122% |
| Поштарина | 150,000 | 300,000 | 127,868 | 300,000 | 100% | 235% |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 10,000,000 | 10,000,000 | 12,714,302 | 15,000,000 | 150% | 118% |
| **Вкупно 8** | **13,750,000** | **13,800,000** | **15,418,156** | **18,800,000** | **136%** | **122%** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите во МРТ | 4,500,000 | 4,500,000 | 2,994,420 | 4,500,000 | 100% | 150% |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 5,000,000 | 3,500,000 | 1,931,785 | 3,500,000 | 100% | 181% |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 4,000,000 | 1,000,000 | 267,158 | 1,000,000 | 100% | 374% |
| Одржување на возила | 2,500,000 | 2,500,000 | 403,598 | 2,500,000 | 100% | 619% |
| Одржување на GPS уреди | 150,000 | 150,000 | 25,520 | 150,000 | 100% | 588% |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 1,000,000 | 1,000,000 | 833,499 | 1,000,000 | 100% | 120% |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,700,000 | 3,700,000 | 2,523,558 | 3,700,000 | 100% | 147% |
| Заштитни материјали, хигиенски и медицински средства за заштита на вработените од корона вирус | 1,000,000 | 300,000 | 336,512 | 350,000 | 117% | 104% |
| **Вкупно 9** | **21,850,000** | **16,650,000** | **9,316,050** | **16,700,000** | **100%** | **179%** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 40,000 | 30,000 | 3,380 | 30,000 | 100% | 888% |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 300,000 | 300,000 | 59,526 | 300,000 | 100% | 504% |
| Трошоци за ѓубретарина | 950,000 | 950,000 | 689,030 | 950,000 | 100% | 138% |
| Трошоци за вода | 3,300,000 | 3,300,000 | 3,013,304 | 3,600,000 | 109% | 119% |
| **Вкупно 10** | **4,590,000** | **4,580,000** | **3,765,240** | **4,880,000** | **107%** | **130%** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и друго | 100,000 | 100,000 | 20,400 | 100,000 | 100% | 490% |
| Трошоци за огласи и конкурси | 400,000 | 1,200,000 | 962,124 | 1,200,000 | 100% | 125% |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 250,000 | 300,000 | 125,300 | 300,000 | 100% | 239% |

МРТ

# МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Финансиски план за 2022г | Остварување 2022г. (м.11.2022) | Финансиски план за 2022г со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 100,000 | 150,000 | 16,477 | 50,000 | 33% | 303% |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 350,000 | 350,000 | 0 | 350,000 | 100% | 0% |
| **Вкупно 11** | **1,200,000** | **2,100,000** | **1,124,301** | **2,000,000** | **95%** | **178%** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 63,000,000 | 58,000,000 | 45,021,434 | 58,300,000 | 101% | 129% |
| Резервирања врз основ на судски спорови | 400,000 | 0 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| **Вкупно 12** | **63,400,000** | **58,000,000** | **45,021,434** | **58,300,000** | **101%** | **129%** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,отпис на побарувања од купувачи | 1,000,000 | 1,000,000 | 12,873 | 2,350,000 | 235% | 18255% |
| **Вкупно 13** | **1,000,000** | **1,000,000** | **12,873** | **2,350,000** | **235%** | **18255%** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за репрезентација | 500,000 | 500,000 | 444,220 | 700,000 | 140% | 158% |
| **Вкупно 14** | **500,000** | **500,000** | **444,220** | **700,000** | **140%** | **158%** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,700,000 | 1,500,000 | 921,071 | 1,500,000 | 100% | 163% |
| **Вкупно 15** | **1,700,000** | **1,500,000** | **921,071** | **1,500,000** | **100%** | **163%** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 0 | 10,000 | 100% | 0% |
| Банкарски услуги | 600,000 | 500,000 | 478,207 | 550,000 | 110% | 115% |
| **Вкупно 16** | **610,000** | **510,000** | **478,207** | **560,000** | **110%** | **117%** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | | |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и друго | 0 | 120,000 | 0 | 120,000 | 100% | 0% |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 100,000 | 150,000 | 46,137 | 150,000 | 100% | 325% |
| **Вкупно 17** | **100,000** | **270,000** | **46,137** | **270,000** | **100%** | **585%** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ*** | | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 9,000,000 | 9,000,000 | 6,210,488 | 9,000,000 | 100% | 145% |
| **Вкупно 18** | **9,000,000** | **9,000,000** | **6,210,488** | **9,000,000** | **100%** | **145%** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци | 3,650,000 | 2,700,000 | 2,112,381 | 4,500,000 | 167% | 213% |
| Судски трошоци и административни такси | 400,000 | 300,000 | 192,498 | 300,000 | 100% | 156% |
| **Вкупно 19** | **4,050,000** | **3,000,000** | **2,304,879** | **4,800,000** | **160%** | **208%** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Финансиски план за 2022г | Остварување 2022г. (м.11.2022) | Финансиски план за 2022г со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***20)Казни, пенали, надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 400,000 | 400,000 | 65,389 | 200,000 | 50% | 306% |
| **Вкупно 20** | **400,000** | **400,000** | **65,389** | **200,000** | **50%** | **306%** |
| ***21) Дополнително утврдени расходи од минати години и останати расходи од работење*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 1,400,000 | 10,000,000 | 10,260,594 | 10,300,000 | 103% | 100% |
| **Вкупно 21** | **1,400,000** | **10,000,000** | **10,260,594** | **10,300,000** | **103%** | **100%** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 4,000,000 | 3,500,000 | 4,923,671 | 6,000,000 | 171% | 122% |
| **Вкупно 22** | **4,000,000** | **3,500,000** | **4,923,671** | **6,000,000** | **171%** | **122%** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,000,000 | 2,000,000 | 2,169,521 | 2,600,000 | 130% | 120% |
| **Вкупно 23** | **1,000,000** | **2,000,000** | **2,169,521** | **2,600,000** | **130%** | **120%** |
| ***24) Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра | 880,000 | 850,000 | 231,653 | 850,000 | 100% | **367%** |
| **Вкупно 24** | **880,000** | **850,000** | **231,653** | **850,000** | 100% | **367%** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **171,280,000** | **216,830,000** | **138,431,574** | **229,480,000** | **106%** | **166%** |
| ***25)Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 15,000,000 | 25,000,000 | 18,978,583 | 25,000,000 | 100% | 132% |
| Останати програмски права | 52,000,000 | 99,500,000 | 56,595,038 | 100,000,000 | 101% | 177% |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,350,000 | 2,500,000 | 2,413,399 | 2,500,000 | 100% | 104% |
| Трошоци за фестивали, надомест за јуниорски евросонг и слично | 500,000 | 400,000 | 362,821 | 400,000 | 100% | 110% |
| Права за спортски настани | 95,300,000 | 98,000,000 | 89,029,887 | 97,000,000 | 99% | 109% |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 13,000,000 | 0 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| Копродукциски проекти | 110,000,000 | 118,000,000 | 88,749,026 | 118,000,000 | 100% | 133% |
| **Вкупно 25 - Програмски права** | **288,150,000** | **343,400,000** | **256,128,754** | **342,900,000** | **100%** | **134%** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 500,000 | 500,000 | 208,401 | 300,000 | 60% | 144% |
| **Вкупно 26** | **500,000** | **500,000** | **208,401** | **300,000** | **60%** | **144%** |
| ***27) Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 600,000 | 400,000 | 266,409 | 400,000 | 100% | 150% |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 1,000,000 | 890,488 | 1,000,000 | 100% | 112% |
| Услуги за вештачење | 100,000 | 100,000 | 0 | 100,000 | 100% | 0% |
| Технички услуги | 5,000,000 | 4,000,000 | 1,994,159 | 2,000,000 | 50% | 100% |
| Трошоци за опремување сцена | 1,500,000 | 1,200,000 | 0 | 0 | 0% | 0% |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти, елаборати и сл.) | 1,700,000 | 650,000 | 0 | 650,000 | 100% | 0% |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 50,000 | 50,000 | 0 | 50,000 | 100% | 0% |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2021г | Финансиски план за 2022г | Остварување 2022г. (м.11.2022) | Финансиски план за 2022г со пренамена на средства | Индекс 5/3*100 | Индекс 5/4*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** |
| Авторски договори, договори преку авторска агенција | 22,000,000 | 21,000,000 | 17,276,878 | 21,000,000 | 100% | 122% |
| Трошоци за проект Евровизија | 3,750,000 | 3,300,000 | 1,298,413 | 2,400,000 | 73% | 185% |
| Трошоци за судски извршители | 200,000 | 100,000 | | 100,000 | 100% | 0% |
| Надомест за обезбедување простор за сателитски сегмент | 3,130,000 | 8,300,000 | 5,681,362 | 8,300,000 | 100% | 146% |
| **Вкупно 27** | **39,030,000** | **40,100,000** | **27,407,709** | **36,000,000** | **90%** | **131%** |
| ***28)Членарини, котизации,такси, ЗАМП, останати услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО и други | 10,000,000 | 13,600,000 | 14,369,005 | 14,400,000 | 106% | 100% |
| Котизации и акредитации | 200,000 | 200,000 | 352,026 | 400,000 | 200% | 114% |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 14,500,000 | 13,500,000 | 7,901,737 | 11,000,000 | 81% | 139% |
| Надомст за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 4,000,000 | 4,300,000 | 4,338,384 | 4,350,000 | 101% | 100% |
| **Вкупно 28** | **28,700,000** | **31,600,000** | **26,961,152** | **30,150,000** | **95%** | **112%** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 210,000 | 120,000 | 0 | 120,000 | 100% | 0% |
| **Вкупно 29** | **210,000** | **120,000** | **0** | **120,000** | **100%** | **0%** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **68,440,000** | **72,320,000** | **54,577,262** | **66,570,000** | **92%** | **122%** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,017,200,000** | **1,123,300,000** | **886,830,901** | **1,123,300,000** | **100%** | **127%** |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 5,300,000 | 6,600,000 | 4,845,433 | 6,600,000 | 100% | 136% |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **5,300,000** | **6,600,000** | **4,845,433** | **6,600,000** | **100%** | **136%** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,022,500,000** | **1,129,900,000** | **891,676,334** | **1,129,900,000** | **100%** | **127%** |

Скопје, Декември 2022 година